**ДО:**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
Сектор за правосудство
ул. "Димитрие Чуповски" бр. 9
1000 Скопје, Северна Македонија

# СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ

-по јавниот повик за доставување на предлози од стручната јавност по повод донесувањето на нов Закон за парнична постапка во Република Северна Македонија 2020 година-

**ОД:**
**м-р Јованчо Н. Јовановски,**
магистер по право од обласста на граѓанското материјално и граѓанското процесно право 2018 година – Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје, Правен факултет "Јустинијан Први" Скопје, со положен правосуден испит,
контакт телефон: + 389 (76) 685 – 515, e-mail: jovancojovanovski@ymail.com

**Почитувани**,

Имајќи го предвид повикот за учество на стручната јавност во изготвувањето на новиот Закон за парничната постапка, претставува особена чест и привилегија да се презентира стручен став од областа на правосудството, особено во доменот на парничната постапка.

Процесната регулатива, со својата правно-политичка позадина, има огромно значење во правниот систем на една држава од причина што преку неа се обезбедува заштита на правата на човекот и граѓанинот кои му биле загрозени или повредени, притоа придржувајќи се и почитувајќи ги начелата на уставност и законитост.

Законски добро пропишаната постапка значи и поквалитетно правораздавање, поквалитетни судски одлуки и крајно поголема заштита на правата на физичките и правните лица кои секојдневно влегуваат во граѓанско-правни односи, но и секојдневно се соочуваат со загрозување или повреда на граѓанските субјективни права кои пак претставуваат своевиден главен "влог" во граѓанско-правните односи.

Парничната постапка, како постапка којашто има за цел овозможување на највисок степен на правна заштита, наспроти останатите постапки на граѓанското процесно право (вонпарничната постапка, извршната постапка, стечајната постапка, постапките за алтернативно решавање на споровите), има свое посебно место во правниот систем на секоја држава, затоа што регулативата којашто ја уредува парничната постапка има *lex generalis* позиција во поглед на постапките со понизок степен на правна заштита и истата претставува централна база на правила кои наоѓаат своја примена и при примената на *lex specialis* прописите за она што со нивните одредби не е уредено.

Согласно повикот за јавна и стручна дебата околу донесувањето на нов Закон за парничната постапка, би сакал да укажам на тоа дека потребна е огромна претпазливост за сериозноста од преземањето на ваков голем чекор – предлагање на сосема нов Закон за парничната постапка од причина што станува збор за системски закон кој има сериозни практични импликации, особено во работата на судовите и адвокатите. Сметам дека треба што помалку да се отстапува од веќе воспоставената регулатива којашто покажала добри резултати, а да се менува само она што се покажало како слабост.

Според моите согледувања, не постои потреба од "тектонски" промени во поглед на правилата кои ја уредуваат парничната постапка, освен во одредени делови кои се покажаа како неефикасни и проблематични (особено вештачењето и медијацијата, којашто целосно треба да биде отстранета од системот на правните правила кои ја уредуваат парничната постапка).

Воспоставувањето на правна култура меѓу граѓаните за вонсудско решавање на споровите (медијација и арбитража) претставува одлична идеја која заслужува исклучително внимание и насочување на сериозни ресурси за нејзино заживување во практиката, но не преку Законот за парничната постапка која има сосема друг дострел – највисока правна заштита на правата и слободите на човекот и граѓанинот која е дел од државниот апарат за присила.

Наспроти се претходно наведено, мојот стручен став кој предлагам да биде уважен и имплементиран во новата регулатива за парничната постапка се однесува на пророгационата ( спогодбената ) месна надлежност во постапката за донесување на решение со кое се издава нотарски платен налог. Правото на физичките и правните лица да одлучуваат со меѓусебно склучените правни дела не смее да биде доведено во прашање поради недостиг на процесно-правна регулатива која ќе овозможува непречено избирање на месно надлежен суд за разрешување на евентуалниот спор настанат помеѓу нив, а која пророгација притоа не се спротивставува на регулативата со која се пропишува исклучителна надлежност на определен суд за определен вид на спорови.

Поради прикажување на овој практичен проблем, ќе се послужам со дефинирање на определени поими од коишто произлегува суштината на проблемот кој имам намера да го изложам со ова мислење и со изолирање на одредба од Договор за деловна соработка помеѓу две правни лица, одредби од Законот за нотаријатот, одредби од Законот за парничната постапка, како и со анализа на судиски ставови и јавно заземени правни становишта на судиите при решавањето на спорното прашање кое произлегло токму во поглед на пророгационата месна надлежност во постапка по нотарски платен налог.

## ПРВ ДЕЛ – ПРАКТИЧНИ ИМПЛИКАЦИИ

Со Договор за деловна соработка, правното лице А од Битола се обврзало да му продаде на правното лице Б од Кочани стока во вредност од 25.000,00 денари, додека лицето Б се обврзало да му ја исплати купопродажната цена на правното лице А по издавањето на фактурата во рок од 8 дена од приемот на стоката, а кој прием се докажува со уредно заверена испратница на стоките кои и биле испорачани од страна на правното лице А. По приемот, правното лице Б не се придржувало до рокот од 8 дена за испалта на купопродажната цена и

по истекот на рокот паднал во задоцнување. Правното лице А одлучило, согласно Законот за нотаријатот да поведе постапка пред надлежниот нотар, се со цел да се стекне со извршна исправа – Решение за издавање на нотарски платен налог со кое по неговата правосилност и извршност ќе се стекне со можност да поведе постапка за присилна наплата пред надлежен извршител.

Двете договорни страни од горенаведениот Договор за деловна соработка се спогодиле при евентуален спор при примената на договорните одредби од Договорот за деловна соработка да ги решава Основниот суд во Битола.

Согласно одредбата од ***Член 68 од Законот за нотаријатот (1)*** *Предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа се поднесува до нотарот на чие подрачје е живеалиштето, односно престојувалиштето на должникот-физичко лице, односно седиштето на должникот-правно лице,* правното лице А од Битола поднело предлог за донесување на решение за издавање нотарски платен налог до нотар именуван за подрачјето на Основниот суд во Кочани, кој нотар е стварно и месно надлежен согласно цитираната законска одредба.

По издавањето на решението за издавање на нотарски платен налог, правното лице Б до нотарот кој го донел решението во законскиот рок од 8 дена изјавил приговор против донесеното решение за издавање на нотарски платен налог во согласност со одредбите од ***членот 72 од Законот за нотаријатот.***

Нотарот кој го донел решението за издавање на нотарски платен налог, по приемот на изјавениот писмен приговор од страна на должникот целиот предмет во согласност со ***членот 72 став 3 од Законот за нотаријатот.***

Откако предметот бил префрлен од страна на нотарот до "надлежниот" суд во Кочани, тужителот приговара на месна ненадлежност на Основниот суд во Кочани да постапува и одлучува во предметот кој се оформил по повод истакнатиот приговор против Решението за издавање на нотарски платен налог од страна на Нотарот во Кочани.

Правното лице А, сега тужител поднело до Основниот суд во Кочани поднесок со приговор за месна ненадлежност на Основниот суд во Кочани да постапува и одлучува во предметот. Основниот суд во Кочани ваквиот поднесок го доставил до правното лице Б ( тужениот ) кое во рокот кој судот му го определил за одговор по повод истакнатиот приговор за месна ненадлежност поднело одговор со кое истакнува: *согласно* ***членот 19 став 1 од Законот за парничната постапка,*** *тужителот нема право да приговара на месната надлежност на судот од причина таквото право го има исклучиво тужениот.*

Ваквиот одговор даден од страна на тужениот, Основниот суд во Кочани го прифатил, донел Решение со кое приговорот за месна ненадлежност истакнат од страна на тужителот се одбива како неоснован со што понатаму продолжува да постапува како месно надлежен суд.

Со тоа целосно се дергогира клаузулата за месна надлежност на суд која правното лице А и правното лице Б со Договорот за деловна соработка ја договориле.

**ВТОР ДЕЛ – АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА ПРАВНА РЕГУЛАТИВА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ (DE LEGE LATA)**

Месната надлежност во постапката за донесување на Решение за издавање на нотарски платен налог е пропишана со Законот за нотаријатот, што може да се рационализира и оправда со тоа што Нотарот при приемот на Предлогот од страна на доверителот мора точно да утврди дали е надлежен или ненадлежен за донесување на Решение за издавање на нотраски платен налог. Од одредени, недоволно јасни причини, законодавецот одлучил постапката за нотарски платен налог да ја пропише со *lex specialis* закон, а кој недоволно го усогласил со *lex genrealis* регулативата, на која самиот Закон за нотаријат имплицитно упатува во случај кога ќе биде изјавен приговор против Решението за издавање на нотарски платен налог донесено од негова страна.

***ЗАКОН ЗА НОТАРИЈАТОТ ( Службен весник на РСМ бр. 72/2016 од 12.04.2016 )***

***V. НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ***
***Предлог за издавање на решение за нотарски платен налог***

***Член 68***

*(1) Предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа* ***се поднесува до нотарот на чие подрачје е живеалиштето, односно престојувалиштето на должникот-физичко лице, односно седиштето на должникот-правно лице.***

***Приговор против решението со кое е издаден нотарски платен налог***
***Член 72***

*(2)* ***Приговорот се поднесува до надлежниот основен суд на чие подрачје се наоѓа седиштето на нотарот кој постапувал по предлогот****, преку нотарот кој го донел решението со кое е издаден нотарскиот платен налог, во рок од осум дена сметано од денот на приемот на решението.*

*(3) Нотарот кај кој е поднесен приговор против нотарскиот платен налог, односно против решението во делот на трошоците,* ***во рок од три дена од денот на поднесениот приговор ќе ги достави списите до надлежниот основен суд на чие подрачје е седиштето на нотарот кој постапувал по предлогот.***

Имајќи ја предвид ваквата моментална регулатива може да се заклучи дека пророгационата месна надлежност *( forum prorogatum )* којашто странките ја утврдиле со Договорот од кој произлегува нивната активна и пасивна легитимација да бидат странки во постапката за нотарски платен налог пред нотар е целосно апстрахирана, без оглед на фактот што спогодбата за месна надлежност на судот по својата процесноправна природа има само процесноправен ефект и истата е целосно независна од правната судбина на граѓанскоправниот

договор[1]. Ова значи дека по приемот на Предлогот за донесување на решение за издавање на нотарски платен налог, нотарот нема никаква обврска да утврди дали постои Договор склучен помеѓу странките со кои истите се спогодиле за месна надлежност на судот, а според тоа и за месната надлежност на Нотарот.

***ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА ( Службен весник на РСМ бр. 79/2005 од 21.09.2005 година)***

***г) Спогодба за месна надлежност***
***Член 63***

*(1) Ако со закон не е определена исклучителна месна надлежност на некој суд,* ***странките можат да се спогодат во прв степен да им суди суд кој месно не е надлежен, под услов тој суд да е стварно надлежен.***

*(4) Оваа спогодба важи само ако е составена во* ***писмена форма*** *и ако се однесува на* ***определен спор или на повеќе спорови што произлегуваат од определен правен однос.***

***Член 19***

*(1) Судот може да се огласи за месно ненадлежен* ***само доколку тужениот*** *истакне приговор за месната надлежност во писмениот одговор на тужба.*

*(2) По службена должност судот може, најдоцна на подготвителното рочиште да се огласи за месно ненадлежен* ***само кога постои исклучителна месна надлежност на некој друг суд.***

*(5) Исправата за спогодбата тужителот* ***мора да ја приложи кон тужбата.***

Од горенаведените одредби на Законот за парничната постапка којшто во овој момент е во сила и се применува од страна на судовите во Република Северна Македонија произлегуваат некои прашања чијшто одговор води до контрадикторности кога претходно ќе се земат предвид горенаведените членови од Законот за нотаријатот.

**Прво,** согласно ***членот 63 став 1 од Законот за парничанта постапка,*** странките можат да се спогодат во прв степен да им суди суд кој месно не е надлежен, под услов тој суд да е стварно надлежен. Неспорно е дека со оваа одредба, на сите правни и физички лица им се гарантира правото на склучување на клаузула (за спор кој не е се′ уште настанат) со која ќе се определи месна надлежност на одреден стварно надлежен суд. Договорената месна надлежност, притоа треба да се потенцира дека може да биде склучена и содржана во рамките на граѓанскоправен договор, но истата може да егзистира и самостојно, опфатена со посебен документ што пак не е во фокусот на дискусија во конкретниот случај. Воопшто не е важно каде се наоѓа таа спогодба, единствено е важно пророгационата спогодба да е склучена во (1)

[1] Јаневски Арсен, проф. д-р, Зороска – Камиловска Татјана, проф. д-р, ***Граѓанско процесно право –, Кн. 1 – Парнично право,*** Второ дополнето и изменето издание, Правен факултат "Јустинијан Први" Скопје, Скопје, 2012 година, стр. 148;

писмена форма, (2) спогодбата да ја изразува недвосмислено и непоколебливо волјата на двете странки да пророгираат месна надлежност на стварно надлежен суд и последно, но не помалку важно, (3) пророгационата клаузула да се однесува на решавање на конкретен спор или спорови кои би произлегле од конкретен правен однос ( не и за сите спорови кои би произлегле помеѓу страните на одредено граѓанскоправно дело.

**Второ,** релевантно за постапката по нотарски платен налог е и одредбата од ***членот 19 став 1 од Законот за парничната постапка*** во кој е пропишано процесното овлсатување за истакнување на приговор за месна ненадлежност, што според оваа одредба го има само тужениот. Во конкретниот случај потребно е да се навратиме на своевидната *литиспенденција* којашто настанува со изјавувањето на приговор против решението на нотарот за издавање на нотарски платен налог и на можноста доверителот ( тужителот ) да достави Предлог за издавање на нотарски платен налог до оној нотар на чиешто подрачје се наоѓа судот определен со клаузулата за месна надлежност утврдена со граѓанскоправен договор.

Доколку доверителот ( тужителот ), согласно клаузулата од граѓанскоправниот договор, предлогот го достави до оној нотар, именуван за подрачјето на Основниот суд кој е определен како месно надлежен да постапува во спор кој би настанал помеѓу нив во врска со склучениот граѓанскоправен договор, ризикува двојно, прво нотарот во смисла на ***членот 71 став 2 од Законот за нотаријатот*** може да се огласи за месно ненадлежен, придржувајќи се кон ***членот 68 став 1 од Законот за нотаријатот*** без особени испитувања на пророгационата месна надлежност и второ, доколку нотарот не се огласи за месно ненадлежен и продолжи со постапката, доверителот ( тужителот) ризикува, должникот ( тужениот ), поведен од своите интереси да се повика на одредбата од ***членот 68 став 1 од Законот за нотаријатот***, а в.в. со ***членот 19 став 1 од Законот за парничната постпака*** и да истакне приговор на месна ненадлежност на Нотарот и првостепениот суд да донесе решение со кое ќе го укине Решението за издавање на нотарски платен налог поради тоа што не е донесен од месно надлежен нотар согласно ***членот 68 став 1 од Законот за нотаријатот.*** Во ниту еден од горенаведените случаи доверителот ( тужителот ) нема правна заштита во поглед на повредата на пророгационата клаузула за месна надлежност на суд.

**Трето,** потребно е да се утврди значењето на терминот *спор* во постапката за издавање на нотарски платен налог пред нотарот и постапката по истакнувањето на приговорот и продолжувањето на постапката пред судот. Имено, проблем се јавува токму во суштината на изразот *спор* и тоа во таа смисла што постапката пред нотар за издавање на нотарски платен налог е неспорна постапка и во оној момент кога настанува спор ( кога ќе се изјави приговор – своевиден одговор на тужба ), постапката веќе не се води согласно одредбите на тој закон, туку продолжува според одредбите на Законот за парничната постапка. Разногласието на судската пракса сметам дека се јавува во моментот кога постапката по изјавениот приговор продолжува пред основниот суд на кој му е отстапен предметот од страна на нотарот.

Разногласието во судската пракса коешто загрижува и кое единствено може да се разјасни, конкретизира и регулира е со пропишување на законска одредба која ќе ја уреди условно кажано *правната празнина* или *законската недореченост* во овој поглед.

Имајќи го предвид Записникот за заедничката средба на Врховниот суд на Република Северна Македонија со апелационите судови, на тема Воедначување на примена на законите и

судска практика, „Концепт за работа и усогласување", одржана на ден 07.03.2019 година бр. СПР.бр.24/2019 година од 07.03.2019 година изготвен од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија – Оддел за судска практика, различни апелациони судови од сите четири апелациони подрачја во Република Северна Македонија, по поставеното прашање

***"Дали за судење во постапка по приговор против решение за издавање на нотарски платен налог, месно надлежен суд ќе биде судот за кој странките се договориле?"***

имаат спротивставени ставови кои алудираат на проблем во примената на Законите при решавањето на проблемот со пророгационата надлежност во постапката за нотарски платен налог.

**Апелационен суд Битола – Претседател на Апелациониот суд во Битола, судија Елизабета Манели Ташевска и судија Татјана Сусулевска од истиот Апелационен суд. –** При Апелациониот суд во Битола заземен е став дека месната надлежност на Основниот суд се дефинира по истакнувањето на приговор против решение за издавање на нотарски платен налог од страна на нотарот и доставувањето на предметот до судот на чиешто подрачје е именуван нотарот. Притоа, во ставот на Апелациониот суд во Битола постои одредена нејасност во таа смисла што предвидува ***приговор на доверителот ( тужителот ) на месна ненадлежност.*** Ваквиот став е во директна спротивност со ***членот 19 став 1 од Законот за парничната постпака*** со кој се исклучува можноста тужителот да приговара на месна ненадлежност на судот, но и покрај тоа, според ставот на Апелациониот суд во Битола се остава некаков простор за стапување на сила на пророгационата клаузула во моментот кога до судот ќе бидат допставени списите на предметот од страна на нотарот кој го издал решението.

**Апелационен суд Гостивар – Претседател на Апелациониот суд во Гостивар, судија Шефајет Хајдари и судија Велко Страшески од истиот Апелационен суд. – Ставот на Апелациониот суд во Гостивар е следен -** *Во постапките по приговор против решението за издавање нотарски платен налог, месно надлежен ќе биде судот за кој странките се договориле, во случај да имаат писмен договор презентиран пред судот каде нотарот го доставил приговорот. Притоа беше наведено дека одредбите кои се посочени во правното прашање, односно член 26, член 68 став 1, член 72 став 1 од Законот за нотаријат, не може да ја дерогираат одредбата од* ***член 63 став 1 од Законот за парничната постапка****, во случај кога странките постигнале согласност за месна надлежност на друг суд.* Ваквиот став на Апелациониот суд во Гостивар е целосно оправдан и во согласност со законско загарантираното право на физичките и правните лица со пророгациона клаузула да определат месна надлежност на суд за материја за којашто не е предвидена исклучителна месна надлежност на друг суд.

**Апелационен суд Скопје – Претседател на Апелациониот суд во Скопје, судија Лидија Димчевска,** во чиешто обраќање беше посочено дека при донесувањето на Законот за нотаријат, биле одржани советувања на кои била постигната согласност дека во случај кога е определена исклучива надлежност на суд согласно закон ( Закон за нотаријатот којшто е во директна спротивност на членот 63 став 1 од Законот за парничната постпака, *заб. на авт.* ), странките не можат да се спогодат за надлежноста. При што и даде збор на **судијата Катерина Ѓорѓиевска од Апелациониот суд во Скопје.** Во обраќањето на почитуваната судијка беше изнесен особено интересен стручен став:

*"Поаѓајќи од членот 19 од Законот за парничната постапка, каде е предвидено* ***дека само должникот може да приговара на месна надлежност,*** *смета дека кога има договорена надлежност,* ***а притоа не се работи за исклучива месна надлежност,*** *приговорот од должникот ќе биде прифатен и ќе се суди по договорената месна надлежност, од причина што членот 68 од Законот за нотаријат, не може да го дерогира членот 63 од Законот за парничната постапка. Според мислењето на Апелациониот суд Скопје,* ***доверителот не може да истакнува приговор на месна надлежност, бидејќи сам избира каде ќе го поднесе предлогот за издавање на платен налог, со што на некој начин се откажува од договорената надлежност****."*[2]

Ваквиот став на Апелациониот суд во Скопје е интересен, но не наоѓа своја оправданост од аспект на целта поради којашто Законот за парничната постапка овозможува пророгирање на месна надлежност во оние случаи кога не постои исклучува месна надлежност. Имено, согласно ***членот 68 став 1 од Законот за нотаријатот*** не е точно дека доверителот, предлогот за издавање на нотарски платен налог го доставува до оној нотар кој самостојно го избрал, напротив, доверителот, предлогот за издавање на нотарски платен налог го доставува до оној нотар именуван за подрачје на оној основен суд на чиешто подрачје се наоѓа седиштето/живеалиштето на должникот, а со тоа тој е целосно оневозможен во остварувањето на своето право - да бара правна заштита од судот кој заедно со должникот го определил со пророгациона клаузула која не е во спротивност на ***членот 63 став 1 од Законот за нотаријатот***.

Понатаму, точно е дека тужителот нема можност согласно ***членот 19 став од Законот за парничната постапка*** да истакне приговор за месна ненадлежност на судот, меѓутоа не е точно дека претходно тој се откажал од договорената месна надлежност ( со поднесувањето на предлогот до нотарот ). Всушност доверителот немал никогаш избор на надлежен нотар и суд поради тоа што од една страна во смисла на ***членот 68 став 1 од Законот за нотаријатот*** бил оневозможен да постапи согласно клаузулата за пророгација на месна надлежност, а од друга страна е оневозможен по веќе оформената литиспенденција да истакнува приговор за месна ненадлежност на судот до кој е доставен предметот од страна на нотарот во смисла на ***членот 19 став 1 од Законот за парничната постапка.***

Збор по повод поставеното правно прашање зеде и **судијката Јованка Никодиновска, Претседател на трговскиот оддел при Апелациониот суд во Скопје,** чијшто став е прилично рационален, но во светлост на поставеното прашање, таквата рационалност доведува до отворање на одредени други прашања кои ја доведуваат под знак прашалник смислата на постоењето на одредбата од ***членот 68 став 1 од Законот за парничната постапка***. Имено, ставот на судијата Јованка Никодиновска и на други судии од трговскиот оддел при Апелациониот суд во Скопје е следен:

---

[2] Записникот за заедничката средба на Врховниот суд на Република Северна Македонија со апелационите судови, на тема Воедначување на примена на законите и судска практика, „Концепт за работа и усогласување", одржана на ден 07.03.2019 година бр. СПР.бр.24/2019 година од 07.03.2019 година изготвен од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија – Оддел за судска практика, стр. 4

*"по поднесен приговор од должникот, предметот со сите списи го доставува, заедно со приговорот до основниот суд на чие подрачје е седиштето на нотарот кој постапувал по предлогот. Во оваа насока појасни дека дел од судиите на Трговскиот оддел се на мислење дека со наведената одредба е определена исклучива надлежност на основниот суд, па не може да дојде до примена одредбата за договорена надлежност, затоа што кај исклучива надлежност нема можност за договарање на надлежноста. Ова со оглед да, освен можноста Законот за парничната постапка да определи исклучива надлежност, тоа можат да го сторат и други закони, во случајот Законот за нотаријат, па така, во услови кога нотарот е обврзан и определено му е каде ќе го достави предметот со списите, односно до кој основен суд, востановена е исклучива надлежност. Претседателот на трговскиот оддел укажа дека останатиот дел од колегите сметаат дека исклучивата надлежност е само на нотарот, но не и на судот, поради што може да дојде до примена на одредбите за договорена надлежност."*

Ваквото правно стојалиште страда од еднострaнчивост затоа што поаѓа исклучиво од законските одредби кои всушност ја креираат правната празнина којашто во погорниот дел од овој текст беше анализирана. Имено, неспорно е дека исклучива надлежност може да биде пропишана и со Законот за нотаријатот, меѓутоа се поставува прашањето дали во постапка за нотарски платен налог, којашто има за цел брза и едноставна правна заштита во услови кога утуженото побарување е условно кажано – неспорно, е целисходно да се пропишува исклучителна месна надлежност на суд и да се исклучи можноста страните на еден граѓанскоправен договор да пропишат клазула за пророгација на надлежност на суд. Притоа, потребно е да се потенцира дека како најчести странки во овие постапки се јавуваат правни лица кај кои се јавил спор во врска со нивните деловни односи, поради што во најголема мера и постои постапката за нотарски платен налог. Во таа смисла, сметам дека процесното правило коешто треба да ја уреди пророгационата месна надлежност пророгирана со клаузула од страна на страните на граѓанскоправниот договор, најмногу треба да ја следи практиката и материјалното право врз основа на кое физичките и правните лица одлучуваат да ги уредат своите односи, а за што притоа не постои спротивставување на нивните располагања на императивните правила пропишани како со процесното, така и со материјалното право.

Правното стојалиште на судијата Јованка Никодиновска заслужува посебно внимание од причина што во голема мера ја расчистува законската недореченост, рационализирајќи го проблемот низ призмата на постоечката регулатива за којашто судот е врзан при постапувањето, меѓутоа, апсолутно сметам дека ваквото правно "ремек дело" во услови на непостоење на законска регулатива, имплицитно укажува на тоа дека неопходно е детално и сеопфатно регулирање на прашањето за пророгационата месна надлежност во постапката за нотарски платен налог.

**Апелационен суд Штип – Претседател на Апелациониот суд во Штип, судија Наке Георгиев.**

Во поглед на ставот по повод поставеното прашање, Апелациониот суд во Штип целосно се придржува кон членот 68 став 1 од Законот за нотаријатот и смета дека со тоа нема спор дека е пропишана исклучителна месна надлежност во постапката за издавање на нотарски платен налог, а понатаму и во постапката по изјавен приговор која се води пред судот за чиешто подрачје е именуван нотарот кој го донел Решението за издавање на нотарски платен налог.

Во дискусијата по повод поставеното прашање, заслужува да се обрати внимание на правното мислење на **г-дин Васил Грчев, судија од Врховниот суд на Република Северна Македонија.** Во своето излагање, судијата Грчев го изнесе следното:

*"во случајот се работи за две различни постапки, **една која се води кај нотарот согласно одредбите од Законот за нотаријат и друга, што после поднесен приговор, се води пред суд кој постапува по Законот за парничната постапка,** па оттука одредбите од Законот за нотаријат не може да ги суспендираат одредбите на Законот за парничната постапка. Според судијата, Законот за нотаријат има исклучива надлежност, во однос на поднесување на предлогот, односно таму каде што живее должникот, **а доверителот може за прв пат да истакне приговор за месна надлежност после приговорот на должникот на нотарскиот платен налог**. Во оваа насока, како должникот, така и доверителот има право да истакне приговор на месна надлежност."*

Со ставот на судијата Васил Грчев целосно може да послужи како егземплар за тоа како треба да изгледа новото законско решение во поглед на избраната месна надлежност на судот во постапката за нотарски платен налог. Се што треба да се направи е законодавецот ваквиот став да го обработи и да го преточи во Законска одредба, односно работата на законодавецот во овој поглед би била само од номотехничка природа.

Во поткрепа на ставот на судијата Васил Грчев е и ставот на судијата Николчо Николовски од Врховниот суд на Република Северна Македонија кој го застапува следното становиште:

*"се работи за една постапка од аспект на континуитет на постапувањето од моментот на поднесување на предлогот за издавање нотарски платен налог па натаму, при што нотарот работи исключиво по одредбите на Законот за нотаријат до моментот кога предметот ќе дојде до судот, по што се применува Законот за парничната постапка. Притоа, посочи дека исклучителната надлежност на нотарот е во однос на поднесување на предлогот за издавање на нотарски платен налог, онаму каде е седиштето должникот, а со тоа е надлежен нотарот на тоа подрачје и судот. Во моментот кога приговорот ќе дојде во судот, судот е должен да постапува според одредбите на Законот за парничната постапка, па во моментот кога тужителот укажува дека има договорена надлежност, судот треба да ја почитува диспозицијата на странките."*

Со ваквиот став целосно се разјаснува интенцијата на законодавецот која ја имал при донесувањето на Законот за парничната постапка – гарантирање на правото на странките да изберат месно надлежен суд во спор којшто би настанал помеѓу нив од конкретен граѓанскоправен однос за чиешто решавање не е пропишана исклучива надлежност. Меѓутоа, неконзистентноста која Законот за нотаријат ја доведе во поглед на ова процесно право на граѓаните, но и покрај тоа, не смее неговите одредби да го доведуваат во прашање таквото право гарантирано со Законот за парничната постапка.

Клучните аспекти коишто сметам дека ја разјаснуваат мојата интенција да предложам решение за заштита на правото на странките да избираат месно надлежен суд согласно ***членот 68 став 1 од Законот за парничната постапка*** во постапката за нотарски платен налог, се целосно претставени со погоренаведените ставови на судиите од Апелационите судови во Република Северна Македонија и неспорно е дека стручна расправа по повод ова прашање се

водела, меѓутоа единствен заклучок за воедначување на судската практика не бил донесен. Следниот потег којшто треба да биде преземен за регулирање на правните празнини коишто се опфатени во овој личен стручен став е во рацете на законодавецот, па со оглед на тоа би посочил и одредени законски решенија кои би можеле да се земат предвид при изготвувањето на новиот Закон за парничната постапка.

## ДЕЛ ТРЕТ – ПЕРСПЕКТИВИ И АЛТЕРНАТИВИ – ПРЕДЛОГ ЗАКОНСКО РЕШЕНИЕ ( DE LEGE FERENDA )

Имајќи ја предвид горенаведената анализа на проблемот којшто сметам дека треба да добие своја законска разрешница, давам заклучок дека правото странките да изберат месна надлежност на суд во постапка за нотарски платен налог во овој момент е предмет на разногласие помеѓу судовите кое се согледува во неможноста да се постигне единствен став којшто би го штител правото на странките да изберат месно надлежен суд во постапката за нотарски платен налог.

Со оглед на тоа, давам свои препораки за изготвувањето на новиот Закон за парничната постапка:

1. Со новиот Закон за парничната постпака потребно е да се направи целосна дистинкција помеѓу постапката за нотарски платен налог која се води според одредбите на Законот за нотаријатот и постапката која продолжува по изјавениот приговор против Решението за издавање на нотарски платен налог пред основен суд кој постапува исклучиво според одредбите на Законот за парничната постапка, притоа не земјаќи ги предвид контролните механизми кои судот ги има во поглед на правилната примена на Законот за нотаријатот од страна на нотарот во постапката којашто се води според тој закон;
2. Дистинкцијата помеѓу постапката пропишана со Законот за нотаријатот и Законот за парничната постапка мора да се регулира со *lex generalis* закон ( Законот за парничната постапка);
3. Согласно предлог-Законот за парничната постапка, во одредбите кои се однесуваат на приговорот против нотарскиот платен налог ( од член 452 до член 455 ) потребно е да се внесе и одредба за пророгационата месна надлежност која странките евентуално ја пропишале со клаузула за пророгација на надлежност.
4. Позиционирањето на одредбата во новиот Закон за парничната постапка треба да биде помеѓу членот 452 и членот 453 ( кој по вметнувањето на одредбата за месна надлежност би бил член 454 );
5. Одредбата којашто предлагам да се додаде во предлог-Законот за парничната постапка, препорачувам да ја има следната содржина:

*"Член 453*

*Изборна месна надлежност*

*(1) По доставувањето на предметот до надлежниот суд од страна на нотарот кој донел решение за издавање на нотарски платен налог во рокот определен во членот 452 став 2 од овој Закон, судот е должен да ги повика странките во рок од 3 дена да достават до судот спогодба во смисла на членот 63 став 4 од овој Закон со која е определуваат месна надлежност на судот.*

*(2) По приемот на спогодбата од ставот 1 од овој член, судот ја продолжува постапката доколку странките со спогодбата којашто ја доставиле до судот како месно надлежен го определиле тој суд, а доколку странките немаат определено месна надлежност со исправата од ставот 1 од овој член, постапката продолжува пред судот до кој е доставен предметот од страна на нотарот.*

*(3) Доколку од исправата доставена од странките до судот во смисла на ставот 1 и 2 од овој член произлегува дека се спогодиле за месно надлежен суд да биде друг стварно надлежен суд, судот до кој е доставен предметот од нотарот кој го издал Решението за издавање на нотарски платен налог веднаш ќе донесе решение со кое се огласува месно ненадлежен и предметот ќе го достави на месно надлежниот суд согласно спогодбата за избраната месна надлежност на суд.*

*(4) Ако во предметот доставен до судот од страна на нотарот во смисла на членот 452 став 2 од овој Закон, постои писмена исправа во која е пропишана месна надлежност на друг суд, судот без да ги примени ставовите 1, 2 и 3 од овој член ќе донесе Решение со кое ќе се огласи за месно ненадлежен и предметот ќе му го отстапи на месно надлежниот суд согласно спогодбата за месна надлежност."*

6. Потребно е да се направи интервенција и во членот 19 од Законот за парничната постапка на тој начин што ќе се додаде нов став кој ќе гласи:

*"Член 19*

*(3) Во постапката по приговор против решение за издавање на нотарски платен налог, судот е должен да утврди дали постои избрана месна надлежност на друг суд во согласност со одредбите од членот 453 од овој Закон."*

7. За крај, потребно е да се изврши интервенција и во членот 63 од Законот за панричната постапка на тој начин што ќе се додаде нов став кој ќе гласи:

*"Член 63*

*(6) Избраната месна надлежност во постапката по приговор против решението за издавање на нотарски платен налог во смисла на членот 453 од овој Закон ќе се смета како исклучива месна надлежност."*

Имајќи ја предвид очигледната потреба од решавање на проблемот со спогодбената месна надлежност во постапката за нотарски платен налог, се надевам дека ова мислење ќе придонесе кон креирање на што подобро законско решение. Со надеж дека ќе добиеме поквалитетно законско решение од кое граѓаните ќе добијат поквалитетна заштита на правата и слободите, а адвокатите и судиите извесност во својата работа, Ви посакувам успех во исполнувањето на овој сложен предизвик.

**Со почит,**

**м-р Јованчо Н. Јовановски**